У-5.бр.726/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Билјана Никодиновска-Петровска - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ од село Теново – Брвеница, поднесена преку полномошник адвокат Љупчо Ристоски од Тетово, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-342/8 од 15.04.2021 година, од областа на јавните набавки, на одржаната јавна расправа на ден 08.10.2021 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Љупчо Ристоски од Тетово, во присусутво на Зоран Трајановски од Скопје вработен кај тужениот и во присуство на Ленин Јовановски од Скопје, управител на заинтересирано лице СЛОБОДА БУС ПРЕВОЗ ДООЕЛ Скопје, донесе:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ од село Теново – Брвеница, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-342/8 од 15.04.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 12.218,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-342/8 од 15.04.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата поднесена од економскиот оператор БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ од село Теново – Брвеница изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-477/21 од 26.02.2021 година за Дел 5 и 6, донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.19404/2020 за набавка на услуги – транспорт на вработени во времетраење од две години на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека тужениот орган сторил низа процесни повреди, посебно во поглед на евалуацијата на понудите, во кој случај неспорно е дека истата е согласно Тендерската документација, но прашањето било дали таквото постапување е согласно Законот за јавните набавки и дали со така поставените услови се прави дискриминација на останатите економски

оператори, така што со потврдувањето на одлуката за избор на најповолна понуда туженот орган ја прави истата процесна повреда во поглед на начинот на спроведување на евалуацијата, како и договорниот орган. Појасни дека констатацијата на тужениот орган дека изјавата за сериозност за секој дел поединечно не е потребно да се бара, но сепак истото нема да го смени резултатот на постапката, претставува своевидно признание дека сепак спроведената постапка има недостатоци. Истакна и дека се игнорира членот 95 став 8 од Законот за јавните набавки според кој со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација, но и покрај вака регулираното, сепак тужениот орган неправилно цени дека склучените договори не претставуваат релевантен доказ дека услугата била успешно извршена.

Во одговор на тужбата и на одржаната јавна расправа тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, констатирајќи дека договорниот орган не направил битни пропусти кои би влијаеле врз резултатот на конкретната постапка за избор на најповолна понуда.

Судот со Известување – Покана за јавна расправа У-5.бр.726/2021 од 20.09.2021 година го повика економскиот оператор – СЛОБОДА БУС ПРЕВОЗ ДООЕЛ – Скопје како заинтересирано лице, заради учество на јавна расправа по предметот заведен под У-5.бр.726/2021 оформен по тужба од тужителот БАШКИМ ТУРС ДОО од село Теново – Брвеница против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-342/8 од 15.04.2021 година, да се јави во Судот на 08.10.2021 година со цел да ги достави сите исправи кои служат како докази или треба да се разгледаат во Судот. На одржаната јавната расправа на ден 08.10.2021 година заинтересираното лице наведе дека останува по наводите изнесени во одговорот на жалба во жалбената постапка и наводите на тужениот дадени во одговрот на тужба.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение Број 09-342/8 од 15.04.2021 година, на Државна комисија за жалби по јавни набавки, Тековна состојба за БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ с.Теново-Брвеница од 30.03.2021 година, Одговор на тужба Бр. 09-342/10 од 21.07.2021 година и увид во досие на постапката во ЕСЈН (Електронски систем за јавни набавки) по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 19404/2020 за набавка на услуги-транспорт на вработени во времетраење од две години на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта спровел постапка за јавна набавка со објавен Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.19404/2020 за набавка на услуги – транспорт на вработени во времетраење од две години, за што претходно

била донесена Одлука за јавна набавка бр.02-12993/1 од 18.12.2020 година. Набавката била делива на 9 дела, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на РМ и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената, а од понудувачите било побарано да доставaт Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понуди – 26.01.2021 година, пристигнале вкупно 11 понуди за што бил составен Записник од отварање на понудите бр.08-477/4, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, прифатливите понуди биле поканети на спроведување на Е-аукција, па врз основа на електронски генерираните извештаи за текот на Е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор СЛОБОДА БУС ПРЕВОЗ ДООЕЛ – Скопје, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-477/21 од 26.02.2021 година.

Од страна на Бирото за јавни набавки била извршена управна контрола на 08.03.2021 година за што бил составен Записник бр.17-285/2 во кој било констатирано дека нема пропусти при спроведувањето на конкретната постапка за избор на најповолна понуда, кои би влијаеле врз резултатот на постапката.

Незадоволен од одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор – сега тужителот БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ од село Теново – Брвеница поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-342/8 од 15.04.2021 година ја одбила како неоснована, со образложение дека договорниот орган спровел евалуација на понудите согласно условите и критериумите наведени во Тендерската документација и одредбите од Законот за јавните набавки, додека понудата на сега тужителто ја отфрлил како неприфатлива согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавните набавки.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и

барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 81 од Законот за јавни набавки, се уредени прашањата поврзани со содржината на тендерската документација т.е. барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, како и можностите и условите за измени и дополнувања на Тендерската документација, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно членот 82 ставови 1, 2 и 3 од Законот за јавните набавки, предметот на набавката се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган, така што описот на предметот на набавката содржи технички спецификации и ако е потребно се дополнува со нацрти, проектна документација, цртежи, модели и слично. Техничките спецификации се утврдуваат во тендерската документација.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на економскиот оператор БАШКИМ ТУРС ДООЕЛ од село Теново – Брвеница, притоа констатирајќи дека договорниот орган при спроведувањето на конкретната постапка за избор на најповолна понуда, не направил битни пропусти кои би влијаеле врз исходот на постапката.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот констатира дека предметната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно утврдените услови и критериуми во Тендерската документација во делот на докажување на техничката и професионална способност, додека понудата на сега тужителот во делот на документите за исполнување на условите за техничка и професионална способност била неприфатлива, односно не биле испочитувани барањата наведени во точките 2.5.1 и 2.5.2 од Тендерската документација во кои договорниот орган барал соодветна документација за секој дел поединечно - во однос на бараната документација за техничка поддршка, но тужителот наместо потврда за квалитетно извршена услуга издадена од работодавач – а како доказ за исполнување на критериумите за способност, доставил копии од претходно склучени договори кои пак од своја страна не претставуваат релевантен доказ дека предметната услуга била извршена квалитетно и успешно, согласно членот 95 став 8а од Законот за јавните набавки. Во делот на жалбените наводи кои се однесуваат на содржината на Тендерската документација, тужениот орган правилно констатирал дека истите се задоцнети, согласно членот 143 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, односно без влијание врз конечниот резултат, а од причини наведени во образложениeто на одлуката.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Врз основа на изнесеното, Судот согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019), одлучи како во изреката под точка I на оваа одлука.

Исто така, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), со оглед на успехот во спорот, Судот одлучи дека барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката, согласно доставениот трошковник во вкупен износ од 12.218,00, е неосновано, па одлучи како во точка II од диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено во Управниот суд на 08.10.2021 година под под У-5.бр.726/2021

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
ДН: – тужител преку полномошник адвокат
Љупчо Ристоски од Тетово
-- тужен орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВТ /

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник